РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2024 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19 и 110/19), министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I.ОСНОВНА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на организирање на водоснабдувањето на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Под организирање на водоснабдувањето се подразбира збир на мерки, активности и постапки кои се преземаат за задоволување на потребите на Армијата со вода наменета за пиење, за подготовка на храна, перење на облека, хигиенски потреби на припадниците на Армијата, за службени животни, за одржување на материјалните средства, за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација , како и за други потреби, во мирновремени и во воени услови, во земјата како и при учество во операции, мисии и на извршување на должности во странство.

## II.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СО ВОДА

Член 2

Под поимот вода за пиење, во смисла на овој правилник, се подразбира секоја вода, која во својата првобитна состојба или по третман, е наменета за пиење, готвење, подготовка на храна, задоволување на хигиенски потреби и за други намени, без оглед од каде потекнува и дали се снабдува од водоводна мрежа, од цистерна или е пакувана вода.

Под поимот техничка вода се подразбира секоја вода која се користи за одржување на материјални средства, наводнување на зелени површини, гасење на пожари, радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација на технички материјални средства и други намени.

Член 3

При организирање на водоснабдувањето на Армијата се спроведуваат постојани санитарно – безбедносни мерки, со цел обезбедување квалитетна и здравствено исправна вода.

Член 4

Обезбедувањето со вода на единиците на Армијата е непрекинат процес кој постојано се дополнува и се усогласува со задачите на единиците и со факторите кои влијаат на обезбедувањето со вода.

Правилното и навремено обезбедување на единиците на Армијата со квалитетна и безбедна вода, снабденоста со доволна количина вода, удобноста во користењето и непрекинатоста на водоснабдувањето, се основни услови за зачувување на здравјето и психофизичката способност на припадниците на Армијата, како и за борбената готовност на единиците на Армијата.

Член 5

Обезбедувањето со вода на единиците на Армијата се врши од постојните и одобрени јавни водоводи и од одобрените сопствени или месни извори кои се наоѓаат во реонот на распоредот на единиците, односно во зоната на изведувањето на операциите.

Кога обезбедувањето со вода не може да се изврши од јавни водоводи и од одобрените сопствени или месни извори од од став 1 на овој член, обезбедувањето се врши од други одобрени извори со користење на формациски наменски средства, со услуги од економски оператори и производители или со пакувана вода за пиење.

## III.ПЛАНИРАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО

Член 6

Под планирање на водоснабдувањето се подразбира збир на мерки и активности кои се преземаат за утврдување на потребите за вода, утврдување и избор на изворите за снабдување, утврдување на носителот на снабдување, начинот и динамиката на дотур на водата на единиците на Армијата.

Планирањето на потребите и потрошувачката на вода зависат од повеќе фактори, од кои најбитни се:

- условите – видот на сместување на припадниците на Армијата (постојан или привремен);
- достапност на водата до потрошувачите;
- начинот на снабдување со вода (централизирано, локално или со дотур) и
- климатските прилики, годишното време и други фактори.

Член 7

Планирање на водоснабдувањето се врши со одлука на командантот за употреба на единицата во мирновремени и во воени услови, врз основа на бројната состојба на единицата, нормата на припаѓање на водата, состојбата и капацитетите на постоечките

извори за вода, објектите за водоснабдување, капацитетот на водоснабдувачките единици (средствата за добивање, пречистување и дотур на вода), приоритет во снабдувањето со вода и карактерот и интензитетот на активностите за кои служи.

Планирањето на водоснабдувањето е во надлежност на единицата носител на логистичка поддршка.

Член 8

Припаѓањето, односно потрошувачката на вода не се ограничува ниту во мирновремени ниту во теренски и во воени услови, за која цел се преземат неопходни мерки водата правилно, наменски и рационално да се користи и да не се растура.

Член 9

За припадниците на Армијата, во мирновремени услови се користат норми на потрошувачка на вода во мирновремени услови (Прилог бр.1 норма бр.1).

За припадниците на Армијата, во мирновремени услови се користат норми на припаѓање на вода за пиење во мирновремени услови (Прилог бр.1 норма бр.2).

За припадниците на Армијата, за време на вежби, теренски активности, кризна, вонредна или воена состојба се користат норми на припаѓање на вода во воени услови (Прилог бр.1 норма бр.3).

Прилозите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, се составен дел на овој правилник.

Член 10

Потребите за вода на службените животни зависат од расата, полот, возраста, големината, физиолошката состојба, физичката активност, начинот на исхраната, временските услови, теренските и климатските услови.

Планирањето на вода за службени животни во единиците на Армијата се врши според норми дадени во Прилог бр.2 норма бр.1 и бр.2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 11

Потребите за вода за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација зависат од видот на контаминацијата, степенот на контаминацијата, видот на деконтаминација која е планирана да се врши (делумна или завршна) и дали ќе ја вршат единиците на Армијата или специјализирани единици за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација на родот за атомска, биолошка и хемиска одбрана на Армијата.

Делумна (поединечна и групна) деконтаминација ја вршат единиците на Армијата со сопствени сили и средства формациски, месни и прирачни, а целосна (завршна) деконтаминација ја вршат специјализирани единици за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација на родот за атомска, биолошка и хемиска одбрана на Армијата.

За радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација на контаминирани луѓе се користи вода за пиење, а за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација на

контаминирани технички материјални средства, оружје, орудија, борбени и неборбени возила се користи техничка вода.

За вршење на делумна деконтаминација, потребите за вода се планираат согласно нормите од правилата и упатствата за употреба на приборите за лична и групна деконтаминација, а за вршење на целосна деконтаминација, потребите за вода се планираат според норми дадени во Прилог бр.3 норма бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Потребите за вода се искажуваат со доставување на барање за обезбедување на вода до одговорниот старешина за извршување, кое го доставува до органот за планирање на логистичката поддршка.

Во текот на постапката за решавање по барањето се решава и начинот на дотурот на вода до локацијата на која е планирано извршување на радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација.

## IV.КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ, БЕЗБЕДНОСТ И САНИТАРНО БЕЗБЕДОНОСНИ МЕРКИ

Член 12

Водата за пиење, подготовка на храна, перење на облеката, хигиенските потреби на припадниците на Армијата, за потребите на службени животни, мора да ги исполнува условите за безбедност и квалитет, да биде здравствено безбедна, лабораториски испитана и одобрена за употреба од највисоката воено превентивна здравствена единица во Армијата.

Дел од лабораториските анализи за утврдување на здравствената безбедност на водата, по потреба може да се вршат и во други овластени и акредитирани лаборатории.

Член 13

Контролата на хигиенско - техничката безбедност на водоснабдителните објекти за водоснабдување на единиците на Армијата, ја вршат стручни лица од Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата и највисоката воено превентивна здравствена единица во Армијата.

Земање и доставување на примероци од водата за лабораториско испитување и мерење на резидуален хлор во водата е во надлежност на воените амбуланти на единиците на Армијата, во делот на нивната зона на санитетско обезбедување.

Член 14

Контролата на производствениот процес на пакуваната вода за пиење, односно условите на складирање кај избраните економски оператори и производители, квалитетот и здравствената исправност на водата, хигиенските и температурните услови во текот на

производството, складирањето и транспортирањето, одбележувањето на контролираните производи, истакнувањето на роковите на траење и издавањето на соодветен документ (потврда, записник и сл.) за одобрение за употреба, вршат надлежните контролни органи од Министерството за одбрана и стручни лица од Армијата задолжени за квалитативен прием.

Член 15

Доколку при приемот на пакуваната вода за пиење во магацинските простории на единиците на Армијата, се утврди дека истата не одговара на карактеристиките од записникот - потврдата за квалитативен прием (име - назив на производот и производител, датум на производство, производна серија, рок на употреба, пакување - амбалажа, транспорт и сл.) или е со променети органолептички особини, пакуваната вода не се прима, при што се формира комисија од стручни органи од интендантска, санитетска и ветеринарна служба, кои ја констатираат состојбата и постапуваат согласно договорот за набавка.

Член 16

Доколку во текот на складирањето на пакуваната вода за пиење, во магацинските простории на единиците на Армијата, се појават промени на органолептичките особини на пакуваната вода за пиење (изглед, мирис, вкус, боја, конзистенција), единицата носител на логистичката поддршка формира комисија составена од стручни лица од интендантската, санитетската и ветеринарната служба, кои ја констатираат состојбата.

Лицата од став 1 на овој член внимаваат на декларираниот рок на употреба кој го гарантира произвидителот и на исполнувањето на пропишаните хигиенски и температурни услови во текот на складирањето.

До повлекувањето на неисправната количина на пакувана вода за пиење од страна на економскиот оператор или производител или при евентуалното безбедно отстранување – уништување на истата, неисправната количина на пакувана вода се чува во засебен дел од магацинските простории прописно обележана дека не е за употреба.

Член 17

Санитарно-хигиенски контроли во магацинските простории за складирање и чување на пакуваната вода за пиење, го вршат органи на единицата носител на логистичката поддршка и тоа интендантските органи секојдневно, а санитетските или ветеринарните органи најмалку еднаш неделно.

Санитарно-хигиенски контроли во магацинските простории вршат и стручни органи од највисока воена превентивна здравствена единица во Армијата.

Член 18

Лицата кои работат на одржување на воените водоснабдителни објекти, со формациските средства за пречистување, дезинфекција и складирање на водата и во магацините за чување на пакуваната вода за пиење, имаат квалификации за соодветното

работно место и потврда за стекнати основни знаења за хигиена и заштита на животната средина.

Лицата од став 1 на овој член, треба да посветуваат посебно внимание на одржување на личната хигиена, да имаат чиста и уредна заштитна облека, да бидат со морални и работни квалитети, да се физички здрави, да извршуваат редовни здравствени прегледи во воено превентивната здравствена единица во Армијата во согласност со прописите кои ги регулираат односите во оваа област.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 19

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 01. 06. 2024 година.

Бр. 01-1230/1
___01.03.2024 година
Скопје

Министерка за одбрана

Славјанка Петровска с.р.

Изработил: потполковник Дејан Димоски
Согласен: полковник Ирена Минева
Одобрил: Владимир Анчев

**Прилог бр.1**

## НОРМА БРОЈ 1
## Норми на потрошувачка на вода за припадниците на Армијата во мирновремени услови

| РБ | Услови на сместување | **Дневна потрошувачка за едно лице изразена во литри** |
|---|---|---|
| **(1)** | **(2)** | **(3)** |
| 1. | Во касарна со централен систем на водоснабдување и туш кабини во санитарните јазли (со можност на капење по потреба) | 200 – 300 |
| 2. | Во касарна со централен систем на водоснабдување и капење во централни касарнски купатила | 150 – 200 |
| 3. | Во постојани логорски простории/постојани полигони, со локален водовод и канализација | 100 – 150 |
| 4. | Во касарна и постојани воени полигони со локален систем на водоснабдување, без канализација | 75 – 100 |
| 5. | Во привремен логор со капење (без перење на облека) | 50 – 75 |
| 6. | Во привремен логор без капење | 30 – 50 |
| 7. | Во бивак, на марш и во тек на изведување на вежби | 10 - 16 |

Прилог бр.1

## НОРМА БРОЈ 2
### Норми на припаѓање на вода за пиење за припадниците на Армијата во мирновремени услови

| Р Б | Временски период | Минимална дневна потрошувачка за едно лице изразена во литри |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | Зимски период | 3 |
| 2. | Летен период | 4,5 |

Напомена:
Количините на припаѓање на вода за пиење можат да се зголемат во зависност од активностите и климатско метеролошките околности, на предлог на санитетскиот орган, доставен до носителот на ЛП.

Прилог бр.1

## НОРМА БРОЈ 3
## Норми на припаѓање на вода за припадниците на Армијата во воени услови

<table>
<tr><th rowspan="2">Р Б</th><th rowspan="2">Потреби</th><th colspan="4">Дневна норма<br>за едно лице изразена во литри</th></tr>
<tr><th>обична</th><th>намалена</th><th>минимална</th><th>физиолошки минимум</th></tr>
<tr><td>(1)</td><td>(2)</td><td>(3)</td><td>(4)</td><td>(5)</td><td>(6)</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>За пиење, напитоци и резерва во матарка</td><td>4,5</td><td>3,5</td><td rowspan="4">За сите потреби - 6,0</td><td>Во зима – 2<br>Во лето – 3,5</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>За подготовка на храна</td><td>4,5</td><td>2,5</td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>За миење садови</td><td>2</td><td>1</td><td></td></tr>
<tr><td>4.</td><td>За лична хигиена</td><td>6</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>17</td><td>10</td><td></td><td></td></tr>
</table>

Напомена:
1. Намалената норма може да се користи најмногу десет дена во текот на изведување на борбените дејствија од подвижен карактер, кога дел од оброкот се дава во вид на сув оброк.
2. Минималната норма може да се користи најмногу пет дена и тоа само кога единицата се наоѓа на безводен терен, а дотурот на вода е многу отежнат.
3. Физиолошкиот минимум се применува најмногу до 3 дена непрекинато.

- **Обична норма** се применува за единици кои се наоѓаат во зона на операции каде има доволно вода (инфраструктурата на јавните водоводи и месните извори не е оштетена или уништена).
- **Намалена норма** се применува за единици кои се во зона на операции каде нема доволно вода и истата мора дополнително да се дистрибуира до нив.
- **Минимална** норма се применува за единици кои се во зона на операции каде многу е отежнато снабдувањето со вода (уништена патна инфраструктура, ограничено движење во зоната на операции и др.).
- **Физиолошки минимум** се применува за единици кои се во зона на операции каде снабдувањето е исклучително тешко и претставува најниска можна граница до која може да се оди во смалување на количини со вода за да организмот се одржи во живот.

Прилог бр.2

## НОРМА БРОЈ 1

### Норми на потрошувачка на вода за службени кучиња

| РБ | Потреба | Дневна потрошувачка на вода за едно службено куче изразена во литри | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | редовни потреби | намалени потреби | минимални потреби | физиолошки минимум |
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) |
| 1. | За пиење | 3 | 2 | 1,5 | 1 |
| 2. | За поготовка на храна и готвење | 5 | 4 | 3 | - |
| 3. | За миење садови, лична хигиена на персоналот и одржување на хигиена во кујната | 15 | 10 | 5,5 | - |
| Вкупно | | 23 | 16 | 10 | 1 |

Напомена:

1. Наведените норми за вода се утврдени врз основа на искуствата и праксата во одгледувањето, чувањето, обуката и работата со службени кучиња во Армијата.

2. Снабдувањето со вода за пиење по физиолошки минимум може да се врши во согласност со ветеринарниот орган.

3. Водата за пиење мора да биде квалитетна и здравствено исправна (безбедна).

4. Наместо вода за пиење може да се користи техничка вода и тоа за одржување на хигиена во објектите, кучкарници и боксови, одржување на полигони за дресура и обука, поливање на површини, одржување на зеленилото и за други непредвидени потреби.

Прилог бр.2

# НОРМА БРОЈ 2

## Норми на потрошувачка на вода за пиење

## за други службени животни

| РБ | Назив | Дневна потрошувачка на вода за пиење за едно службено животно изразена во литри | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | обична | намалена | минимална | физиолошки минимум |
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) |
| 1. | Коњи и мули | 50 | 40 | 30 | 25 |
| 2. | Мазги и магариња | 22 | 15 | 12 | 10 |
| 3. | Крупна стока | 50 | 40 | 30 | 15 |
| 4 | Ситна стока | 10 | 5 | 3 | 2 |

Напомена:

1. Наведените норми за вода се утврдени врз основа на искуствата и досегашната пракса во одгледувањето, чувањето и работата со службени животни во Армијата.

2. Снабдувањето со вода за пиење по физиолошки минимум може да се врши во согласност со ветеринарниот орган.

3. Водата за пиење мора да биде квалитетна и здравствено исправна (безбедна).

Прилог бр.3

## НОРМА БРОЈ 1
## Норми на потрошувачка на вода за радиолошка, хемиска и биолошка деконтаминација

| РБ | Назив | Потрошувачка на вода изразена во литри | |
|---|---|---|---|
| | | Радиолошка деконтами-нација | Хемиска и биолошка деконтами-нација |
| (1) | (2) | (3) | (4) |
| 1. | Човек | 20 - 30 | 20 - 30 |
| 2. | Личен инженериски алат (ашов на склопување, секира и сл.), оптички инструменти, радио уреди и др. осетливи ТМС и опрема | 4 - 6 | 1 - 1,5 |
| 3. | Пушка<br>Автомат | 6 - 7 | 1,5 - 2 |
| 4. | Пушкомитралез<br>Рачен фрлач<br>Рачен ракетен фрлач 64 mm | 9 - 10 | 2 - 3 |
| 5. | Митралез<br>Автоматски фрлач на гранати<br>Рачен ракетен фрлач 90 mm | 16 - 20 | 4 - 5 |
| 6. | Минофрлач 82 mm | 32 - 35 | 8 - 10 |
| 7. | Топ со калибар 76 mm<br>Минофрлач 120 mm | 48 - 55 | 12 - 15 |
| 8. | Хаубица 105 mm<br>Лесно теренско моторно возило | 160 - 170 | 40 - 45 |
| 9. | Хаубица 122 mm | 240 - 250 | 60 - 65 |

| РБ | Назив | Потрошувачка на вода изразена во литри | |
|---|---|---|---|
| | | Радиолошка деконтами-нација | Хемиска и биолошка деконтами-нација |
| (1) | (2) | (3) | (4) |
| | Топ хаубица 155 mm<br>Оклопно моторно возило<br>Лесни инженериски машини<br>Товарни возила (камиони) до 2,5 t | | |
| 10. | Тенк<br>Оклопен транспортер<br>Лесно самоодно орудие (систем)<br>Тешки инженериски машини<br>Товарни возила (камиони) над 2,5 t | 330 - 350 | 80 - 90 |

Напомена:

1. Во оваа норма наведени се проценети вредности на количини на вода потребни за еден циклус на деконтаминација. Доколку при контрола на степенот на извршена контаминација се констатира дека истата треба да се повтори, за секое наредно повторување дополнително се планираат исти количини на вода потребни за деконтаминација. Затоа при планирање на количините за вода потребни за деконтаминација треба да се земат предвид податоците од оваа норма зголемени согласно извршената проценка за можни повторувања на деконтаминација.

2. На реден број 1 во колоните (3) и (4) наведената количина на вода се однесува не само на деконтаминација (капење) на еден човек туку и на деконтаминација на неговите средства за лична нуклеарна, хемиска и биолошка заштита. Деконтаминација на луѓе се врши со вода за пиење загреана на соодветна температура со користење на сапун и шампон како средство за деконтаминација.

3. Количините на вода наведени во колоните (3) и (4), потребни се за деконтаминација на едно средство. Деконтаминација на средствата се врши со раствор за деконтаминација подготвен со техничка вода кој е загреан на соодветна температура.